# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

## за 2018 година

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**

Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите)

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Сектор за ученички и студентски стандард

Сектор за основното образование

Сектор за средното образование, образование на возрасните и доживотно учење

Комисии/Работни групи составени од компетенти и стручни лица за ревизија на наставни програми и учебници

Педагошката служба

**Вид на програмата**

☒ **Хоризонтална**

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:**

Податоци од Стратегијата за родова еднаквост 2013 – 2020: Во високото образование, според податоците на Државен завод за статистика (ДЗС) се забележува поголем број на запишани девојки. И од аспект на дипломирани студенти, се забележува исто така поголем број на девојки кои ги завршуваат студии. И во однос на запишаните студенти на последипломски студии се забележува мала предност на девојките, наспроти момчињата.

Сепак, во поглед на научната гранка (професионална ориентација) кадешто се запишани, најголем родов диспаритет во соодносот на запишаните студенти се појавува кај техничко технолошките науки каде што од вкупно запишаните 489 студенти во учебната 2010/2011 година 179 (37%) се девојки, а 310 (63%) момчиња. Наспроти тоа, кај општествените науки, се

забележува исто така поголема разлика во соодност на девојките и момчињата, запишани магистранти, и тоа од вкупно 2586 запишани, 60% се девојки, а 40% мажи.

Исто така, во Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 нотирано е постоењето на стереотипи и предрасуди за улогите на жените и мажите/девојчињата и момчињата во наставните содржини и учебници на сите нивоа на образование. Потребно е да се ревидираат наставните програми и содржини од аспект на родовата рамноправност и отстранување на стереотипите и предрасудите кои се главните причини за дискриминацијата на жените/девојчињата изразена низ содржините и кои значително влијаат врз нивната професионална ориентација во понатамошниот образовен процес. Потребно е да се вклучат програми за сексуално и репродуктивно здравје како дел од наставните содржини во средно образование.

Програмата за Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите) е поврзана со следниве стратешки цели и приоритети од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:

Секторски приоритет: Родово сензитивно образование

Стратешка цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост преку фунцкионални механизми за поддршка на национално и локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родова разделена статистика

Специфична стратешка цел 2.3: Воспоставени и пилотирани политики за надминување на бариерите/пречките и зголемена вработеност на жените

## 2. Вовед

Родовата буџетска изјава на Министерството за образование и наука е подготвена заедно со буџетското планирање 2018-2020 година.

Со Програмата за Унапредување на образовниот систем од аспект на родовата компонента (еднакви можности на жените и мажите), предвидени се две поткомпоненти.

## 3. Позадина/контекст

Првата компонента е врзана односно произлегува од Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард, каде се предвидуваат неколку категории на стипендии на студенти запишани на високо-образовните установи во Република Македонија. Имено, со Програмата се утврдени 125 стипендии кои се доделуваат на студенти запишани на студиски програми по информатика, 530 стипендии на студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и 105 стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми по хемија, физика и математика. Целта е да се зголеми учеството на студентите на студиските

програми од областа на ИТ, техничко-технолошките, био-техничките и природно математичките науки, во насока на нивна поголема вработливост, имајќи ја притоа во предвид родовата еднаквост.

Втората компонента се однесува на елиминирањето на стереотипите и воведување на родово сензитивно образование во целиот образовен систем како еден од предусловите за изградба на родово недискриминаторско општеството. Образованието е главниот движечки фактор во формирањето на ставовите, нормите, и вредостите за родовите улоги во општеството, исто така, и во искоренувањето на стереотипите за родовите улоги. Покрај медиумите, културата и спортот, образованието е камен темелник во насока на постигнување на родова еднаквост. Начинот на прикажување на мажите и жените, особено во учебниците и другите наставни средства кои се користат во образовниот процес, можат да бидат од пресудно значење во формирањето и обликувањето на ставовите кај децата кои подоцна како возрасни луѓе ќе ги задржат ставовите формирани под влијание на воспитувањето и образованието.

Согласно членот 6 од Законот за еднакви можности, кој се однесува на образованието, потребно е обезбедување на механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на еднаквите можности. Оттука, потекнува потребата за вршење на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебници. Начинот на вршење на анализата од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите опфаќа квантитативна и квалитативна анализа на содржините на наставните планови, програми и учебници.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

**4.1. Остварени резултати, проени и влијанија во првата компонента:**

СООДНОС НА СТИПЕНДИИ ЗА БИО-ТЕХНИЧКИ, ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ, ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ, ИТ И/ИЛИ МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, ПО РОД ЗА АКАДЕМСКАТА 2018/2019:




**Пита 1:**

1. Жени студентки (464)

2. Мажи студенти (256)

**4.2. Остварени резултати, проени и влијанија во втората компонента:**

Согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 125/2015), поради потребата од обезбедување на механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на еднаквите можности, беше формирана Работната група која ќе врши анализа на содржините на наставните планови, програми и учебници од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, истата активно започна со работа во јануари 2018 година. Оваа работна група при анализата на содржините на наставните планови, програми и учебници се води согласно членот 6 од Закнот за еднакви можности, кој се однесува на образованието.

По предлогот на министерот за образование и наука за повлекување од употреба на одобрените учебници по „Општество" за 4-то одделение и ,,Граѓанско образование" за осмо одделение во основно образование, во насока на унапредување на концептот на граѓанско образование, формиран е стручен тим за унапредување на граѓанското образование во основното и средното образование за унапредување на граѓанските компетенции на учениците согласно препораките на Европската комисија. Стручниот тим во состав: претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, наставници кои реализираат настава по предметот Граѓанско образование, универзитетски професори и претставници на граѓанскиот сектор, изготви документ за граѓански компетенции од кој произлезе и промената на наставната програма по предметот Граѓанско образование за VIII и IX одделение и за прва година во средното образование. Новата наставната програма за VIII одделение започна да се применува од 3-ти септември 2018 година. Наставната програма за IX одделение е изготвена, донесена од страна на министерот за образование и наука и нејзината имплементација ќе започне во септември 2019 година. Наставната програма по граѓанско образование е изготвена со јасно определени резултати од учење, односно покрај компетенциите кои се однесуваат на сè она што се очекува учениците да знаат, разбираат или умеат да прават, главен акцент е ставен и на тоа како тие го прифаќаат систем на вредности, потребни за функционирање како демократски и активни граѓани.

Исто така, во постапка за одобрување е и учебник по предметот Општество за 4-то одделение и се очекува истиот како финален прозвод на сите наставни јазици да биде дистрибуиран до учениците на почетокот на учебната 2019/2020 година.

Во 2018 година, Педагошката служба, при Министерството за образование и наука, упати барање за отстранување низа недостатоци во одобрениот учебник по предметот „Етика" за 3-та година, реформирано гимназиско образование, до издавачката куќа во чија сопственост е учебникот и истата постапува согласно дадените забелешки.

**5. Анализа на буџетски алокации** (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:

Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;

Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените:

За академската 2018/2019 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 23.662.800 мкд, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 9.385.200 мкд

**6. Тесни грла и научени лекции** (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Законот за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование, кој е донесен и објавен во ,,Службен весник на Република Македонија” бр.21/2018 од 02.02.2018 година, предвидува доколку во одобрените учебници се потребни одредени исправки или дополнувања од стручен, методолошки или технички аспект, од аспект на утврдување на родова или друга дискриминација, а истите не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот, Педагошката служба може да ги повика издавачите, односно авторите да предложат исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот во рок од 30 дена од денот на добивање на повикот.

Се дава законска можност ако во одобрените учебници се потребни одредени исправки или дополнувања од стручен, методолошки или технички аспект, од аспект на утврдување на родова или друга дискриминација, како и од аспект на превод и адаптирање, а истите не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот, авторите или издавачот да можат да предложат исправки и/или дополнувања до Педагошката служба, без претходно барање од страна на Педагошката служба. Директорот на Педагошката служба формира комисија за давање на мислење по доставените предлози за исправки и/или дополнувања, а комисијата мислењето го доставува најдоцна во рок од 15 дена, од денот на нејзиното формирање, до директорот на Педагошката служба. Врз основа на позитивното мислење на комисијата, министерот носи решение со кое потврдува дека продолжува да важи одлуката за употреба на учебникот. Врз основа на решението, издавачот е обврзан да го издаде учебникот со исправките или дополнувањата или да испечати додаток на учебникот во кој се содржани исправките односно дополнувањата. Ако издавачот, односно авторот не постапи, одобрението за употреба на учебникот се одзема.

## 7. Заклучоци и препораки

- Вклучување на примери за успешни жени од различни професии во наставните програми и учебници

- Редовна и континуирана ревизија на учебниците, од аспект на родова еднаквост

Бр.01-4097/1
2.04.2019

Подготвиле:
Наташа Јанковска
Билјана Трајковска
Елена Качела
Садије Сефо
Весна Вигњевиќ
Весна Дамјановска
Нуран Кадриу - Џамбази
Славица Мирческа

Одобрил:
Министер/Ministër
Dr. Arbër Ademi, с.р.